Република Северна Македонија
**СУДСКИ БУЏЕТСКИ СОВЕТ**

**Ул.“Македонија“бр.5,1000 Скопје|тел.02/3203-823, факс.02/3233 057 |sudskibudzet@ssrm.mk**

**Бр.** 02-76/28
21.01. **2020год.**
**СКОПЈЕ**

Врз основа на член 8 став 2 и член 9 алинеја 3 од Законот за судски буџет (Сл. весник на РМ бр.60/03, 37/06,103/08 и 145/10), Судскиот буџетски совет на 21.01.2020 година ја донесе следната:

# ОДЛУКА
## ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ГОДИШНА ПРОГРАМА ЗА КАПИТАЛНИ РАСХОДИ ОД БУЏЕТ - СУДСКА ВЛАСТ ЗА 2020 ГОДИНА, КАТЕГОРИЈА 48 – КАПИТАЛНИ РАСХОДИ

Член 1

Се усвојува Годишната програма за капитални расходи од Буџет - Судска власт за 2020 година, категорија 48 – капитални расходи, согласно годишниот износ за распределба утврден со Буџетот на Република Северна Македонија за 2020 година.

Член 2

Вкупниот годишен износ за распределба согласно член 1 од Одлуката, за раздел 29010-судска власт изнесува **178.000.000** денари и е со следната структура по програми и по ставки:

**Програма 20 - судска администрација**

- **480 – купување на опрема и машини 100.000.000 денари**
  - Сметка 603/637 ....................90.000.000 денари
  - Сметка 631....................10.000.000 денари
- **481 – градежни објекти 61.000.000 денари**
  - Сметка 603/637 ....................41.000.000 денари
  - Сметка 631....................20.000.000 денари
- **483 – купување на мебел 3.000.000 денари**
  - Сметка 631....................3.000.000 денари
- **485 – вложувања и нефинансиски средства 12.000.000 денари**
  - Сметка 603/637....................12.000.000 денари

**Програма 30 – Академија за судии и јавни обвинители**

- **480 – купување на опрема и машини 2.000.000 денари**
  - Сметка 603/637 ............................................................ 2.000.000 денари

Член 3

Годишната распределба на капитални расходи по единки корисници да се изврши согласно табеларниот приказ што е составен дел на Годишната програма за капитални расходи од Буџет - Судска власт за 2020 година.

Член 4

Со цел реализација на Годишната програма за капитални расходи од Буџет - Судска власт за 2020 година, Стручната служба на Судскиот буџетски совет изготвува решенија за одобрување на финансиски средства за капитални расходи за единките корисници, согласно табеларниот приказ од член 3 на Одлуката.

Член 5

Оваа Одлука стапува во сила од денот на нејзиното донесување.

**СУДСКИ БУЏЕТСКИ СОВЕТ**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**

**Киро Здравев**